**20111783988**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/06 ,18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), а во врска со член 11-а од Правилникот утврдување на постапката за определување на месечниот износ на средства кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот („Службен весник на Република Македонија" број 33/2010, 44/2010, 65/20101, 127/2010 и 33/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 15 декември 2011 донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СКАПИ ЛЕКОВИ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ШТО СЕ ИЗДАВААТ НА РЕЦЕПТ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 149/2011), во член 2, зборовите „спецификација од“ се бришат.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-18660/12
15 декември 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Јован Грповски,** с.р.